*Број: 02 - ___________*
*________ 2015 година*
*С к о п ј е*

**ЗАПИСНИК**
**од CLXXXI -та седница на Управниот одбор на**
**Фондот за здравствено осигурување на Македонија,**
*одржана на 25 јуни 2015 година со почеток во 15.15 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство - претседател;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Д-р Јосиф Трајковски, претставник на Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Проф. Д-р Елизабета Србиновска Костовска, претставник на Стопанската комора на Македонија -член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Д-р Сашо Стефаноски, директор на ФЗОМ;*
- *Орхан Рамадани, директор на ФЗОМ;*
- *Владимир Димковски, раководител на одделението за план и анализа (делумно присутен);*
- *Даниела Јовческа Ѓуровска, директор на секторот за правни работи (делумно присутна);*
- *Амела Цана, раководител на одделението за контрола (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

*Седницата ја водеше претседателот на Управниот одбор Ангел Митевски. На почетокот утврди дека на седницата се присутни четири членови на Управниот одбор, со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Потоа го прочита претходно доставениот*

*П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записниците од CLXI, CLXII, CLXIII, CLXIV, CLXV, CLXVI, CLXVII, CLXVIII, CLXIX, CLXX, CLXXI, CLXXII, CLXXIII, CLXXIV, CLXXV, CLXXVI, CLXXVII, CLXXVIII, CLXXIX и CLXXX седница;*

1. *Предлог за донесување на Правилник за дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
2. *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на највисокиот износ по час за исплата на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа за 2015 година;*
3. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот;*
4. *Разгледување на барања упатени до Управниот одбор (Барање за откуп на побарување на Фондот утврдено во стечајна постапка; Барања од Катлановска бања; Приговор за извршена контрола за исполнување на определени цели кај избраниот лекар - ПЗУ Д-р Елица Мицкоска; Барање од ПЗУ Аптека Крис Медика - Ема Фарм);*

*Информативно:*

5. *Извештај за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот од јануари - април 2015 година;*
6. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот јануари - март 2015 година;*
7. *Извештај за 2014 година за ДСГ;*

8. *Разно.*

*Потоа предложи барањата од Катлановска бања да не се разгледуваат на оваа седница односно да бидат симнати од дневниот ред. Предлогот беше едногласно прифатен од Управниот одбор, со што за работата на CLXXXI -та седница се усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записниците од CLXI, CLXII, CLXIII, CLXIV, CLXV, CLXVI, CLXVII, CLXVIII, CLXIX, CLXX, CLXXI, CLXXII, CLXXIII, CLXXIV, CLXXV, CLXXVI, CLXXVII, CLXXVIII, CLXXIX и CLXXX седница;*

1. *Предлог за донесување на Правилник за дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
2. *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на највисокиот износ по час за исплата на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа за 2015 година;*
3. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот;*
4. *Разгледување на барања упатени до Управниот одбор (Барање за откуп на побарување на Фондот утврдено во стечајна постапка; Приговор за извршена контрола за исполнување на определени цели кај избраниот лекар - ПЗУ Д-р Елица Мицкоска; Барање од ПЗУ Аптека Крис Медика - Ема Фарм);*

*Информативно:*

5. *Извештај за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот од јануари - април 2015 година;*
6. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот јануари - март 2015 година;*
7. *Извештај за 2014 година за ДСГ;*

8. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

- *Усвојување на записниците од CLXI, CLXII, CLXIII, CLXIV, CLXV, CLXVI, CLXVII, CLXVIII, CLXIX, CLXX, CLXXI, CLXXII, CLXXIII, CLXXIV, CLXXV, CLXXVI, CLXXVII, CLXXVIII, CLXXIX и CLXXX седница*

*Управниот одбор без забелешки, едногласно ги усвои записниците од CLXI, CLXII, CLXIII, CLXIV, CLXV, CLXVI, CLXVII, CLXVIII, CLXIX, CLXX, CLXXI, CLXXII, CLXXIII, CLXXIV, CLXXV, CLXXVI, CLXXVII, CLXXVIII, CLXXIX и CLXXX седница.*

*ТОЧКА 1 - Предлог за донесување на Правилник за дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*

*Објаснување на предлогот даде директорот Стефаноски по што во однос на одделните одредби дополнување даде Даниела Јовческа Ѓуровска. Наведоа дека со предложената измена Фондот им излегува во пресрет на хонорарците овозможувајќи им континуитет во здравственото осигурување. Имено со претходните измени Фондот им овозможи на овие лица по добивање на пријавата од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да имаат право на здравствено осигурување не повеќе од 60 дена. Сепак во праксата се појавија проблеми околку начинот на доставување на податоци по електронски пат од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување до ФЗОМ, при што лицата го губеа континуитетот во здравственото осигурување и не можеа да ги остварат правата на товар на ФЗОМ. Поради тоа на состанок на претставници на ФЗОМ, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Министерството за труд и социјална политика и од Управата за јавни приходи е договорено да се смени начинот на достава на податоците односно наместо ФЗОМ да ги чека пријавите од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување кои доаѓаат со определено задоцнување истите да ги добива од Управата за приходи при што од денот на електронското пристигнување на спроведената уплата на придонесот за задолжително здравствено осигурување од страна на Управата за јавни приходи да им овозможи на овие лица да ги користат правата од здравственото осигурување во период од 60 дена. Оваа одредба се предлага да се применува од 1 октомври 2015 година како би можеле да се спроведат одредени подготовки за примената.*

*Со втората предложена измена во членот 52 на правилникот се скратува времето на важност на рецептот на кој е пропишана терапија за акутно заболување од пет на три дена. Оваа измена е потребна бидејќи акутното заболување е потребно да се третира веднаш односно во најкраток рок како би имало ефект од примената терапија пропишана на рецептниот образец од избраниот лекар. Во референтните земји за ФЗОМ (Хрватска, Србија, Словенија) важноста на рецептите на кои се пропишани лекови за акутна терапија односно антибиотици е три дена а за предложената измена позитивно мислење даде и Фармацевтската комора.*

*По објаснувањето дискутираа и поставуваа прашања членовите на Управниот одбор. Од дискусијата произлезе констатацијата дека со оглед на одложената примена (од 1 октомври) на првата предложена измена, истата да не се донесува на денешната седница туку на нова седница во септември. Втората предложена измена беше прифатена, по што Управниот одбор едногласно донесе*

**Правилник**
**за дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување**

*со кој се изврши измена на временското важење на рецептот на кој е пропишана терапија за акутно заболување од пет на три дена.*

*ТОЧКА 2 - Предлог за донесување на Одлука за утврдување на највисокиот износ по час за исплата на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа за 2015 година*

*Објаснување по втората точка на дневниот ред даде Даниела Јовческа Ѓуровска. Наведе деак донесувањето на оваа одлука се предлага заради утврдување на највисокиот износ по час за исплата на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа за 2015 година. Истата е потребна со цел еднаква примена на одредбата од Законот за здравственото осигурување со која е регулирано дека висината на надоместокот на плата не може да биде повисок од четири просечни плати по 2012 година. Утврдениот највисок износ на надоместок на плата е имплементиран и во новиот модул за боледување. Пресметката е направена врз основа на вкупните работни часови во месецот и со истата највисокиот надоместок на плата се утврдува во износ за работен час.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за утврдување на највисокиот износ по час за исплата на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа за 2015 година***

*ТОЧКА 3 - Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот*

*Објаснување на предлогот даде Владимир Димковски. Наведе дека прераспределбата и определувањето на квотите е направено согласно Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување договори, утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства и начинот на плаќање на здравствени услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарна здравствена заштита. Средствата се распределени на вкупно 768 аптеки кои во моментов имаат активен договор. Од нив кај 634 аптеки месечниот износ се зголемува, кај 74 аптеки се намалува, кај 37 аптеки квотата не се менува, додека кај 23 нови ПЗУ аптеки кои до ФЗОМ доставија комплетна понуда за склучување на договор и се дел од мрежата на здравствени установи се определуваат нови квоти (15 аптекарски станици, 5 подвижни аптеки, 2 аптеки и 1 рурална аптека). Со прераспределбата ќе се овозможи посоодветна редистрибуција на средствата за лекови односно подобра снабденост за осигурениците.*

*По објаснувањето и дискусијата што следуваше по него, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот***

*ТОЧКА 4 - Разгледување на барања упатени до Управниот одбор*

*4.1 Барање за откуп на побарување на Фондот утврдено во стечајна постапка*

*По разгледувањето на барањето на понудувачот „Пакунг“ дооел од Скопје за откуп на побарувањето што на Фондот му е утврдено во стечајната постапка над „Печатница Први Мај“ од Скопје, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок**: Се прифаќа понудата на друштвото „Пакунг“ дооел од Скопје за откуп на побарувањето што на Фондот му е утврдено во стечајната постапка над Печатница Први Мај“ АД увоз - извоз, Скопје во стечај. За отстапувањето на побарувањето да се склучи договор со понудувачот со обврска да го плати износот на утврденото побарување веднаш а на каматата на шест месечни рати со грејс период од три месеци.*

*4.2 Барање од ПЗУ Аптека Крис Медика - Ема Фарм*

*По разгледувањето на барањето на ПЗУ Аптека Крис Медика - Ема Фарм и на објаснувањето на стручната служба на Фондот, Управниот одбор барањето не го прифати, по што ја задолжи стручната служба за одлуката да го извести подносителот на барањето.*

*4.3 Приговор за извршена контрола за исполнување на определени цели кај избраниот лекар - ПЗУ Д-р Елица Мицкоска*

*По разгледувањето на барањето и дискусијата по него, Управниот одбор одлучи истото да се симне од дневниот ред и по него да се одлучи на следната седница за кога стручната служба да обезбеди дополнителни податоци извршената контрола во здравствената установа.*

*На CLXXXI-та седница Управниот одбор ги разгледа и следните точки од информативен карактер во врска со кои не беа донесени одлуки или заклучоци:*

*ТОЧКА 5 - Извештај за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот од јануари - април 2015 година;*

*ТОЧКА 6 - Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот јануари - март 2015 година; и*

*ТОЧКА 7 - Извештај за 2014 година за ДСГ.*

*ТОЧКА 8 - Разно*

*Во рамките на точката разно, директорот Стефаноски предложи Фондот да побара од Министерството за здравство да му овозможи приклучување односно користење на податоци од системот „Мој термин“. Ангел Митевски како претставник на Министерството за здравство се согласи со предлогот и побара Фондот да упати барање до Министерството во кое ќе ги дефинира податоците кои му се потребни по што ќе се овозможи пристап до системот.*

*По ова, дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор во 16.10 часот заврши со работата на CLXXXI-та седница.*

*Записничар,*
*Христо Трповски*

*Управен одбор*
*Претседател,*
*Ангел Митевски*

*Согласен, директор:*
*Д-р Сашо Стефаноски*
*Орхан Рамадани Orhan Ramadani*